УЧИЛИШТЕН МАГАЗИН

# ЈОСКА



ГОДИНА I   БРОЈ 7  ФЕВРУАРИ 2024

WWW.KLUBJOSKA.MK

# РЕДАКЦИЈА

АЊА ПОП-КОСТОВА
БЛАГИЦА СТУПАР
СТЕФАНИЈА МАРКОВА
АНДОН МАЏУНКОВ
ВИОЛЕТА ЧУГУНЦАЛИЕВА
МАРИЈА АТАНАСОВА
БИЛЈАНА КАДИЕВА
НАТАША СТОЈКОВСКА
МАГДАЛЕНА ШУКЛЕВА
ЛЕАНА ЈАНКОВСКА
ЈОВАНА ДИЧЕВА
АНГЕЛА ИВАНОВА
СИМОНА ДИЧЕВА
МИХАЕЛА КАРАИВАНОВА
АНАСТАСИЈА АТАНАСОВА
ЈОВАН ГРОЗДАНОВ
АНГЕЛА ЈАНЕВСКА
НИКОЛА ЈАНКОВСКИ
ТИЈАНА ГОЦКОВА
СНЕЖАНА ТАСЕВА
СОФИЈА СТОЈАНОВА
НИКОЛА ЧАКАРОВ
МАРИЈА МАЧУКОВА
АНГЕЛ АЕВСКИ
АНГЕЛА КОСТАДИНОВА



УРЕДНИК:
МЕДИУМСКИ КЛУБ „ЈОСКА“
за Клуб „Јоска“: ТОНИ АВРАМОВ

ЗАМЕНИК - УРЕДНИЦИ:
ЃОРГИ НОВАКОВСКИ, ВЕРИЦА МАРКОВСКА,
ДАНЧЕ НИКОЛОВА

ФОТОГРАФИЈА:
АНДРЕЈ ДИМОВ, ИВАНА ГРУЈИЌ, МАРИЈА МАЧУКОВА

ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА ГОРАН МАНЕВ

# Содржина




6

Дисиминација на проектот CLOSE

7

Колумни:

- Дали учиме за оценка или знаење
- Празниците - лажен дар

6

Интервју со Андреј Димов - активист на Црвен крст

13

Славица Карајанова: мојата струка е мојот иден живот

15

Марија Атанасова -Како поминува еден обичен ден на ученичка од подалечно населено место

18

Билјана Кадиева: Нежноста на „грубиот“ спорт



Новинарството е занает. Два пати мисли, еднаш објави.
Во медиумскиот свет се помалку има новинари, за жал се помалку младиот човек ја избира оваа професија.
Причините се различни, меѓутоа она што најмногу боли е фактот што малкумина сакаат да ја чујат вистината - а новинарот е мајка на вистината.
Медиумскиот клуб „Јоска“ можеби ги нема предизвиците на возрасните новинари, но затоа ја има задачата да ги едуцира своите читатели како да дојдат до точни и веродостојни информации.
Младите новинари од Клуб „Јоска“ ги разоткриваат полека но сигурно вистинските општествени вредности.

Тони Аврамов

# Наградени фотографии од проектот Јас=Медиум“



1.Ивана Грујиќ

Кога минатото би било пресликано во денешната реалност



2.Андреј Димов и Леана Јанковска

Технологијата наследник на пишаниот медиум



3.Ѓорги Новаковски и Марија Мачукова

Кога зборува сегашноста минатото не треба да молчи




Ефимија Новаковска

(прва награда - основно образование)

# Дисиминација за проектот CLOSE

Преку проектот CLOSE во хотелот „Аполонија“ во Гевгелија се одржа дисиминација за наставниците од СОУ „Јосиф Јосифовски“, кој е носител на проектот, и наставниците од основните училишта од Општина Гевгелија.
На дисиминацијата проектниот тим имаше за цел да ги пренесе знаењата и искуствата од посетата во Фиренца, Италија и да дадат насоки за идните активности што се предвидени за реализација преку овој преокт.
Главната цел на проектот е внесување нов метод во наставниот процес за користење на киното како алатка, за влијание врз когнитивните процеси, поттикнување на критичко размислување, развивање одговорни и инклузивни ставови кај младите луѓе со цел борба против родовите стереотипи, прифаќање на индивидуалниот пол. идентитети и промовирање на самодовербата на сите ученици.

На работилниците од оваа дисиминација беа анализирани досегашните активности на наставниот кадар и нивното користење на филмот како алатка во наставата, но беа изведени и практични вежби со критичка анализа на филм „Peel“.






На крајот од работилницата присутните имаа можност да се запознаат со основните алатки за создавање филм, но исто така и самите се обидоа да направат кадри кој ќе бидат употребени како алатка за совладување на продукциските техники.



# Ставете си прст на чело, оценката е само бројка

АВТОР: ТИЈАНА ГОЦКОВА

Човек кој има знаење е моќен. Оној кој е богат во мислите е богат и во срцето и во душата. Ова сите го знаеме и сите сме свесни, но ние луѓето повторно правиме грешки. На нас учениците, па и на нашите родители поважно ни е да ги имаме оценките – толку сакани, толку ценети. Бројки кои носат една лажна моќ и една избледена среќа.

Дали тие секогаш ја покажуваат вистинската реалност?

Дали се секогаш точни и праведни?

Зошто сите ние се бориме за оценки?

Оценката на еден ученик кој научил и кој знае не може да биде иста со онаа на ученикот кој препишал и кој нималку не се изборил да ја има. Тие бројки носат многу неправедност, но и разочарување, продуцираат ученици кои немаат желби во животот. Ученици кои во иднина нема да знаат како да се борат за да стигнат до својата цел. Прашање е дали ќе имаат знаења и свои размислувања?

Можеби, понекогаш родителите се причината за оваа желба за оценка. Секој родител за своето дете го посакува најубавото. Посакува неговото дете да живее среќен живот, да израсне во човек кој ќе знае да се справи со општеството и со сите предизвици кои ги носи тоа. Но родителите понекогаш не сакајќи и несвесно ни наметнуваат нереални правила. Тие од нас бараат да имаме одлични оценки, но го забораваат знаењето и неговата важност.

Ние децата, учениците сакајќи да ги исполниме нивните очекувања, губиме од нашето знаење и од неговата важност. Мислиме само на оние бројки од еден до пет и нашето време и живот ги трошиме на небитни работи.

Сите ние можеме да ја покажеме важноста на знаењето. Можеме да му се спротивставиме на општеството и да ги промениме размислувањата на луѓето околу нас, на нашите родители и на сите ученици. Сите ние можеме да научиме и да знаеме.



# Празниците - лажен дар

АВТОР: ЈОВАН ГРОЗДАНОВ

Носат ли празниците мир, спокој и љубов?

Кој период од годината е асоцијација за мир, спокој и љубов?

Кој период низ рекламите, филмовите и песните ни е претставен како оној во којшто семејството, подароците и доброто на човековата душа се темели на начинот на живеење?

ПРАЗНИЦИТЕ!

Доаѓањето на празниците значи и полнење на излозите. Дали ваквиот начин на почитување на убавите моменти ни ја полнат и душата?

Нашето прашање е одговорено, и изгледа дека ова ќе биде доста краток текст.

Па зошто сè уште пишувам? И зошто сè уште читате? Зошто има уште напишано?

Прашајте се, дали е добро што празниците се синоними за добро, синоними за човековите успеси во усовршување на грижата за други, со други зборови - човештвото?

Јас мислам не!

Зошто луѓето се добри само во еден период?

Го гледаме животот во неговиот најдобар период, но еден период не го дефинира целиот живот. Вистината е дека низ целото негово траење, освен во периодот на празници, животот е тажен. Животот е суров. Луѓето не даваат подароци, тие се алчни.




Филмовите, рекламите и песните не ја претставуваат реалноста на животот. Празниците носат мир, спокој и љубов. Празниците се истакнати како период на спокој, мир, подароци, љубов. Но зошто мора да бидат истакнати? Зошто нема мир, спокој и љубов во текот на целата година?

Зошто бараме засолниште во празниците? Зошто мора да бараме засолниште? Животот е понекогаш тажен, животот е суров, а нашата цел е да чекориме, без разлика на препреките... Нашата цел е да живееме, да живееме во некое модерно време кога се дарува само на одредени дати, а не во сите 365 дена. Модерното време, сепак, не ни носи топлина во душата – дар што само срцето може да го прими, да го чуе...



# Величината на големите и хумани луѓе, е во нивната скромност

Андреј Димов е волонтер и член на координативното тело на хуманитарната организација на „Црвен крст” од Гевгелија. Среќа е да си хуман! Хуманоста ја отсликува големината на еден човек. Одвојте неколку минути и прочитајте за да го запознаете младиот волонтер Димов, кој можеби ќе биде нечија инспирација во денешниот свет.

АВТОР: АЊА ПОП - КОСТОВА

**Кога започна со волонтерството во “Црвен крст”?**
Димов: Моето патешествие на хуманоста, го започнав минатата година во септември.

**Што ти беше инспирација или поттик да бидеш волонтер?**
Димов: Бев поттикнат од хуманата дејност, помош и дружба што ја нуди оваа црвена сила, в мигот кога беше извршена регрутација од страна на млади волонтери.

**Како е да се биде хуман и дали тоа те исполнува?**
Димов: Да се биде хуман не е нешто кое се учи или стекнува. Тоа е она што го имаш во себе, тоа е она со кое може да ја отвориш вратата на среќата на луѓето. Воопшто не е тешко да се помага, тешко е да не се обидеш да помогнеш и да бидеш пасивен гледач. И да, со оваа хумана дејност сум навистина исполнет.

**Кој се најголемите желби кои си ги поседувал за време на твоето “волонтирање”?**
Димов: Уште кога почнав со волонтирање посакав да станам волонтер на месец. Бев исклучително редовен, одговорен и присувствував на речиси секоја акција. Во рок од четири месеци, во јануари станав волонтер на месецот. Нормално, моите желби и амбиции се зголемуваа, постојано сакав да бидам дел и од координативното тело на Клубот на Млади, а летото и таа желба ми се исполни.

**Кој ти се омилени акции во кој си учествувал?**
Димов: Омилена акција секоја година ми е логистичката помош за време на трката „November Run”.

**Дали некогаш си помислил да се откажеш од волонтирање?**
Димов: Нормално, како и убавите така и тешките постапки и идеи доаѓаат си тек на времето. Сум имал такви мигови, но истите биле исклучително ретки,брзи и преодни. Тоа е така бидејќи ваквите идеи се секогаш прекинати поради постојаниот поттик од мотивацијата и желбата за волонтирање.

**Дали и во иднина се гледаш како волонтер во “ Црвен крст”?**
Димов: Се разбира. И при појава ба бајголената демотивација за волонтирање и почест губиток на слободно време јас би останал во ова прекрасно семејство.

**Со што се стекна во волонтерството во “Црвен крст”?**
Димов: Освен хуманоста која преовладува кај волонтерите, се учат и многу други нешта.
Научив како да постапувам во ситуации изложени во созијалниот живот, стекнав одлични вештини за опуштена и слободна комуникација со општеството и стекнав исклучително добри пријатели.



**Покрај професионалноста како волонтер, кој се забавните страни на дружбата со останатите волонтери?**

Димов: Всушност секоја акција претставува дружба со волонтерите, во ист миг помагаме, дејствуваме во општеството, но и меѓусебно се дружиме. Постојат и многу интересни игри кои се исклучително интересни, интерактивни, но и важни за градење на меѓусебната кохезија на волонтерите.

**Која е пораката која би ја испратил, како млад волонтер?**

Димов:Помогнете колку што можете, бидете гласни колку што можете за општеството да може да ви го чуе мислењето и ставот. Опуштете се во општеството и другарувајте колку што можете. На крај сето тоа ќе ве изгради во една прекрасна индивидуа.

ЦРВЕНИОТ КРСТ ЧЕСТО СЕ СМЕТА ЗА НАЈПРЕПОЗНАТЛИВИОТ СИМБОЛ ВО СВЕТОТ. ИСТАТА Е ПРИКАЖАНА НА БОЛНИЧКИТЕ ЗНАЦИ, АМБУЛАНТИТЕ, УНИФОРМИТЕ НА ХУМАНИТАРНИТЕ РАБОТНИЦИ. ЕДНОСТАВНО КАЖАНО, ТОА Е СЕПРИСУТЕН СИМБОЛ, ШТО ОЗНАЧУВА НЕУТРАЛНОСТ, ЕМПАТИЈА, НАДЕЖ И ЗАШТИТА.



# Мојата струка
# е мојот иден живот

АВТОР: ВИОЛЕТА ЧУГУНЦАЛИЕВА

Здравјето е најважниот дел од човековиот живот, благодарение на него сме таму каде што сме. Здравството во една земја е важно затоа што треба да им се овозможи на сите луѓе највисоко можно ниво на здравствена состојба. Славица Карајанова ученичка од втора година во СОУ „Јосиф Јосифовски“ од Гевгелија раскажува за нејзината одлука и цел за запишување во секторот Здрвство и социјална заштита, профил - акушерска сестра.

**Што ти беше инспирација да се запишеш медицина,што те привлече?**
Славица: Моќта да се помогне на бессилниот е нешто прекрасно, а задоволството по успешно пружената помош е посилно сѐ. Тоа е она што ми ја поттикна желбата да ја одберам оваа струка.

**Дали оваа струка е тешка и дали имаш слободно време?**
Славица: Медицинскиот струка бара доста посветена работа. Но пред сѐ треба да имаме инерес и љубов кон она кое го изучуваме и работиме. И покрај тоа што оваа струка бара доста време да се посветиш, со добра организација можеме сѐ да постигнеме на време и да одвоиме свое слободно време.





**Што имаш научено од праксата?**
Славица: Од почетокот на праксата па сѐ досега имаме стекнато повеќе вештини како: мерење крвен притисок, правење ЕКГ (елетрокардиограм), со помош на медицинската сестра правиме подготовка на потребната терапија и нејзино давање, правење туфери и гази, исклучување на инфузија по наредба на сестрата. Присуствуваме при ставање канила, аплицирање лекови и земање крв...



**Кој ти се омилени ротации?**

Славица: До сега на пракса имам одено кај матичен лекар, на интерно и нервно оделение. Предизвик е сепак да бидеш со докторите и искусните сестри и исто така да учиш од нив. Следниот месец во болницата во Гевгелија ќе бидам на хирургија, се надевам дека и искуството од тоа одделение ќе ми помогне во моите професионални ориентации.

**Дали ти се допаѓа начинот на работа за време на праксата и дали нешто би променила?**

Славица: За време на праксата медицинскиот персонал и нашиот инструктор Маринела ни помагаат во стекнување на нови вештини и знаење. Но нешто кое можеби би променила во праксата е временсиот период во кој одиме. Оваа година поради распоредот на часовите, имаме неколку часа, па потоа одиме на пракса. Во периодот кој одиме на пракса има намален број на пациенти и поголем дел од работата е веќе завршена.

**Што би им препорачала на идните генерации кој планираат да се запишат медицина?**

Славица: Со изборот на медицинската струка избирате хумана професија, што од вас бара вложување на голем труд. Со избор на оваа струка во иднина вие би биле тие кој би помагале на вашите сограѓани, а нема поблагородна работа од тоа да им помагаш на луѓето.

Како поминува еден обичен ден на ученичка од подалечно населено место



# Марија Атанасова: Раброво -детство и спокој

Животот ни носи постојани предизвици. Животот толку убав, понекогаш знае да биде и суров. Но како и да е, човекот е човек затоа што мора да ги прифаќа предизвиците, да чекори напред и да го живее својот живот. Јас сум Марија, имам шеснаесет години и сум сосема обична девојка, родена на село. Тоа можеби и не е толку важно, но важно е затоа што јас имам сон и сакам да го оживеам мојот сон.

Во моето населено место Раброво нема средно училиште. нема ни основно, затоа учам подалеку од мојот дом. И тоа е сосема во ред, но со оваа моја приказна сакам да ви кажам каков е еден обичен ден, на еден ученик кој мора да станува порано за разлика од своите соученици, за да стигне до превозот, кој некогаш не знае да чека ако задоцните, не знае да чека ако по пат сте налетале на ветер, кал, снег... Но, нели тоа е животот. Ќе заминеш на училиште, ќе се вратиш со истите постапки – ќе чекаш пред автобус или надвор сè додека сите  не ги завршат своите часови. И навистина никој не те прашува колку часови си имал денес, дали си чекал на студот или на жештина 45 минути повеќе или помалку... но и тоа не е важно, затоа што ти го оживуваш својот сон.







И кога конечно ќе се вратиш дома, многу подоцна отколку децата од градот, никој нема да те праша дали си преморен или можеби ти се спие, едноставно треба да се зафатиш со учење за следниот ден. Време за прошетки, време да помогнеш дома можеби и нема многу, но сепак ти си дете на твоите родители и нормално е да им помогнеш, затоа што тие се постојано тука за тебе, тие создаваат, работат за тебе.

А моето родно Раброво, прекрасно е заради неговата природа, заради историјата која ни е аманет да го чуваме. Создаден во далечниот петнаесетти век со првобитното име Храброво ни ја пренесува пораката дека жителите биле храбри без разлика на османлиските зулуми што се правеле во тоа време.

На негова територија тогаш живееле шеесет христијански и седум муслимански семејства. Подоцна по иселувањето на турското население, на нивно место дошле Македонци од Беровско, Кривопаланечко, како и од Струмичко.

Денес, Раброво е мало село со околу 250 жители според пописот во 2021 година, и има неколку знаменитости.

Во средновековно време, бил откриен рудник од кој се ископувало хром, наречен “Фиоф”, и негови остатоци има на патот кон Струмица. Исто така постоело училиште во кое младото население било изучувано, а било сместено веднаш покрај поранешниот рудник за хром.  Во селото има извор, наречен „Баница” кој жителите порано го користеле за перење на алиштата од домовите, додека за време на османлиите, изворот се користел како бања, затоа што водата во зима е топла, а во лето студена. Денес најчесто се користи за наводнување на земјиштето кое селаните го обработуваат.







Темелите на црквата “Св. Илија”, која официјално била осветена и започнала со служба 2013 година постои и денес.Црквата била изградена за три и пол години. Била осветена од страна на митрополитот Агатангел.

Моето место на живеење, моето село е мало, но во него има топлина за секој добронамерник. Во него секој што доаѓа заминува со една мисла – толку многу спокој и сплотеност на една мала грутка на македонското тло. Можеби и затоа јас уживам во животот кога сум овде, во Раброво, можеби и затоа не ја чувствувам тежината на моето секојдневие, затоа што знам дека после секој поминат ден ме чека храброто Раброво – со својот спокој со својата топлина.
Од утре, повторно чекам автобус кој можеби ме носи во некој поинаков свет, свет кој се нарекува моја иднина.





# Билјана Кадиева: Нежноста на „грубиот“ спорт



АВТОР: СИМОНА ДИЧЕВА

**Од кога потекнува твојата желба за спортување?**

Билјана: Мојата желба кон спортот ја добив уште од мали нозе од мои 7 години, многу го засакав, ми го исполнуваше денот, а и мене.

**Во кој спорт најмногу се пронајде?**

Билјана: Се занимавам со ракомет, се пронајдов во тој спорт. Дел сум од женскиот ракометарски клуб „Гевгелија“. Се започна со кошарка, прво тренирав кошарка, но потоа ми се отвори шанса за да тренирам ракомет, едноставно ракометот го играм со поголема заинтересираност и повеќе љубов.

**На која возраст се запозна со ракометот?**

Во клубот сум две години,но се започнува од мојата десетта година.Го запознав во основното училиште и едноставно ме привлечи.Знаев дека сакам да играм ракомет. Големи мотиватори ми беа и наставниците кои нè бодреа да постигнеме подобри резултати.

**Колку пати неделно тренираш?**

Билјана: Имаме редновно тренизи и натпревари. За мене пет дена во неделата се сосема доволни. Имаме доволно време за да постигнеме некоја цел во клубот. Секој нов тренинг што го имаме, резултира со сè подобар и подобар успех.

**Дали често учествуваш на натпревари?**

Билјана: Редовно учествувам во натпревари. Тука спаѓаат и училишните натпревари каде што секогаш имаме позитивни резултати.





**РАКОМЕТОТ МЕ ХРАНИ И НЕ МИСЛАМ ДА ПРЕСТАНАМ ДА ТРЕНИРАМ. СЕПАК, ТУКА Е ВРЕМЕТО КОЈ ЌЕ СИ ГО КАЖЕ СВОЕТО!**

**Од сите натпревари досега, дали посоти некој, што ти е посебно драг што секогаш ќе го памтиш?**

Билјана: Нема да ја заборавам мојот прв натпревар. Во последните три минути јас влегов во игра и го постигнав последниот гол.

**Ракометот важи како груб спорт. Дали постојат „ненамерни” штипкања, удари со лакт, со нога. И дали некогаш си била повредена?**

Билјана: Точно е дека рокометот е груб спорт секогаш има туркања ненамерни удари, но тоа е сѐ во склоп на играта. Сум била повредена и тоа се случува многу често.

**Како ќе ја опишете тимската игра со соиграчите, како се согласувате?**

Билјана: Ако ја нема тимската комуникација и тимската соработака тоа нема да може да се нарече клуб. Бидејќи за да постигнете нешто со вашиот тим потребна е соработка, трпение и да вложите многу труд. Кога губиме не треба да се откажуваме, напротив, тоа ќе ни даде повеќе мотивација за другпат и поправање на грешките што сме ги направиле. Кога го добиваме натпреварот следи повторно исто темпо со тренизи и со вложување труд за да можеме следниот натпревар да биде уште подобар.

**Кој е твојот омилен ракометар, твој идол?**

Билјана: Немам некој омилен ракометар, но секогаш гледаме и учиме од најдобрите, најуспешните, тука би го спомнала Кире Лазаров.

**Кој секогаш те бодри и те поддржува?**

Билјана: Најголеми навивачи се членовите од клубот и нормално гласното навивање на публиката.



УЧИЛИШТЕН МАГАЗИН

# КЛУБ ЈОСКА

СОУ „ЈОСФ ЈОСИФОВСКИ“

ГЕВГЕЛИЈА




WWW.KLUBJOSKA.MK